Australian Government

Carer Gateway

## Што е Carer Gateway?

Carer Gateway е нова, национална служба која ја финансира австралиската влада. Carer Gateway има Интернет страници (страница- the word used before is in prular) и телефонска служба, кои негувателите може да ги користат за да добијат практични информации и поддршка.

## За кој е наменета Carer Gateway?

Ако му помагате на член од семејството или пријател кој е онеспособен, кој има хронична болест, деменција, ментална болест,кој е зависник од дрога/алкохол или кој е изнемоштено постаро лице, тогаш Carer Gateway може да ви помогне.

Негуватели може да бидат членовите (членови – no need to add te at the end) од семејството или пријатели, тие може да бидат родители, деца, брат/сестра, дедо/баба или соседи. Некои негуватели се грижат за друго лице 24 часа во денот и му помагаат околу секојдневните активности, додека други негуватели се грижат за лица кои се прилично самостојни, но на кои им треба помош при изведувањето на некои од секојдневните обврски.

## Како може да ми помогне Carer Gateway?

Carer Gateway нуди различни информации кои им помагаат на негувателите при изведувањето на нивната работа, почнувајќи од практични совети и помагала (ресурси), за да им помогне да најдат услуги за поддршка, вклучувајќи:

- информации за видовите на нега и фазите на негување;
- совети како да се грижат за себе додека негуваат друго лице;
- како да можат да го негуваат лицето секој ден;
- можности за правна и финансиска поддршка;
- што да прават во ургентен случај или кризна ситуација;
- помош за да можат да го комбинираат негувањето со работа или школување.

На Интернет страниците (страницата) на Carer Gateway, исто така, може да се најдат информации за негувателите, вклучувајќи млади негуватели, постари негуватели, негуватели со абориџинско потекло и потекло од островите во Torres Strait (Aboriginal and Torres Strait Islander carers)и негуватели од различно културно и јазично потекло. Carer Gateway може да ви помогне ако барате одредена услуга или ако сакате да дознаете кои услуги можеби имате право да ги добивате. Можете да телефонирате на 1800 422 737 или да го користите помагалото 'find a service' ('најдете услуга') на Интернет страниците (страницата). Откако ќе одговорите неколку прашања, Carer Gateway ќе ви даде информации за услугите во вашата област, кои одговараат на вашите потреби.

## Како да стапам во контакт со Carer Gateway?

Негувателите може да телефонираат на 1800 422 737 од понеделник до петок, меѓу 8 ч. наутро и 6 ч. попладне, за да разговараат со нашиот услужлив тим кој се наоѓа во Австралија.

Преку Интернет страниците (страницата), можете да побарате да ви се јави некој во време кое ви одговара. Побарајте го копчето ‘Request a call back’ на www.caregateway.gov.au кое се наоѓа во долниот дел на секоја страница.

## Што да правам ако веќе добивам услуги за поддршка на негуватели?

Нема измени за тоа како негувателите тековно користат услуги за поддршка и тие може да продолжат директно да контактираат со службите кои веќе им нудат услуги.

## Што да правам ако англискиот јазик не ми е мајчин јазик?

Ако се чувствувате подобро да разговарате на некој друг јазик, можете да телефонирате во Службата за писмено и усмено преведување (Translating and Interpreting Services -TIS) на 131 450. TIS нуди преведување на повеќе од 100 јазици и може да се користи 24 часа во денот, 7 дена во неделата.

## Што да правам ако разбирам англиски јазик, но имам тешкотии при читање на текстови на англиски јазик?

На Интернет страниците на Carer Gateway постои функција за гласно читање преку апликацијата Readspeaker со која било кој напишан текст автоматски се чита гласно, нудејќи аудио верзија на информациите на Интернет страниците (страницата).

Едноставно притиснете го копчето “listen” на било која страница и информациите ќе ви бидат гласно прочитани.

## Што да правам ако имам оштетен слух или говор?

Ако имате оштетен слух, говор или вид, можете да ги контактирате во Carer Gateway со помош на Националната служба за поврзување за лица со оштетен говор или слух (National Relay Service - NRS) низ два лесни чекори:

1. Посетете ги Интернет страниците (страницата ) на National Relay Service (www.relayservice.gov.au) за да изберете на кој начин сакате да стапите во контакт.
2. Побарајте да ве поврзат со Carer Gateway на 1800 422 737.

## Повеќе информации

За повеќе информации во врска со Carer Gateway, ве молиме, прегледајте ги овие Интернет страници (прегледајте ја Интернет страницата – this suggest to only search for Carer Gateway where previous translation is suggestion more than one website)или телефонирајте на 1800 422 737, од понеделник до петок, од 8 ч. наутро до 6 ч. попладне.